ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 47 – 1/2017
Загреб, 27. 05. 2017.

# З А П И С Н И К

од **3. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **27.05.2017 година** со почеток во **12.25 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Иван Черба (со полномошно овластување од Борис Трајановски) – Осиек, Благој Штерјов – Загреб, Ангел Митревски – Сплит, Мирјана Мајиќ – Задар, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Гости:** Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, Никола Гроздановски, почесен претседател на ЗМРХ, Зорица Велиновска, претседателка на УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска" Загреб и Љубинка Бамбир, член на УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска" Загреб.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. Во воведниот говор тој ги поздрави сите присутни и им даде збор на гостите. Зорица Велиновска со благослов на протојереј Кирко Велински, ги информираше присутните како напредува изградбата на Македонската православна црква во Загреб. Се отвори расправа на која се нагласи дека е потребен поголем ангажман за собирање донаторски средства за изградба на црквата, по примерот на Сплит, каде на иницијатива на Ангел Митревски, градот Сплит и Сплитско-далматинската жупанија досега имаат уплатено 130 илјади куни. Милена Златеска рече дека од Друштвото од Пула се донирани 12 илјади куни од средствата што се уплатени од изборите за Советот на МНМ за Истарската жупанија. Томе Апостолоски исто така рече дека и Советот на МНМ за Град Загреб има донирано средства во материјал за изградба на црквата, а ќе се донира и понатаму согласно програмата и одлуките на Советот. Што се однесува до состанокот кој требаше да се одржи со советите и претставниците на МНМ во РХ за решавање на тоа прашање, се рече дека е подобро тој состанок да се одржи само со претседателите на ЗМРХ и на Координацијата, со протојереј Кирко Велински и со Ангел Митревски како член на Советот за националните малцинства на РХ. Никола Гроздановски повторно рече дека сака да донира свои слики кои би биле продадени на аукција на некој настан и на тој начин би ја помогнал изградбата на црквата.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 2. седница на УО на ЗМРХ;
2. „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2016. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-

3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
3. Усвојување на Записникот од пописната комисија за имотната состојба на ЗМРХ за 2016 година и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
4. Усвојување на Кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ за период од 01.01.-31.03.2017 година со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
5. Информација за Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ за распоредот на средствата обезбедени од Државниот буџет на РХ за финансиска потпора на програмите на ЗМРХ за 2017 година;
6. Договор околу реализацијата на програмите во 2017 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 2. седница на УО на ЗМРХ (прилог).

**Ад. 2.** За годишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2016. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2016. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Изработен е и годишниот информатор на ЗМРХ за 2016 година, како и информаторите на сите друштва. По оваа точка немаше дискусија, па членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се прифаќа и се дава на усвојување на Собранието на ЗМРХ „Godišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.12.2016. godine (Obrazac FG-1)" со обрасците: IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 3.** Пописот на имотната состојба на ЗМРХ беше спроведен на 22.12.2016 година од страна на пописната комисија (Виолета Штерјова, Цветко Поповски и Олга Чичек), а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- По предлогот на пописната комисија, се извршува отпис и расход на дел од имотот на ЗМРХ кој не е веќе за употреба и е уништен (прилог бр. 4.);
- Се усвојува записникот од состанокот на пописната комисија на ЗМРХ.

**Ад. 4.** За Кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.03.2017. godine", Петровска рече дека е уредно и навремено изработен за потребите на ЗМРХ, а по Одлуката на Советот за националните малцинства на РХ и потпишаниот Договор за овогодишните доделени средства (прилог). Таа информираше дека Советот за националните малцинства на РХ не бара да им се доставува Кварталниот извештај. По оваа точка немаше дискусија, па членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-31.03.2017. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 5.** Врзано за оваа точка, Ангел Митревски како член на Советот за националните малцинства на РХ ги информираше присутните за Одлуката на Советот за распоредот на средствата обезбедени од Државниот буџет на РХ за финансиска потпора на програмите на ЗМРХ за 2017 година. Тој рече дека ЗМРХ годинава доби ист износ, 619 илјади, за илјада куни поголем од 2016 година. МКД „Македонија" од Сплит и МКД „Охридски бисер" од Загреб добија помалку средства (околу 10%) во однос на минатогодишните поради направени неправилности во годишниот финансиски извештај, за што се очитуваа до Советот со дополнување на истиот. Се заклучи дека треба многу внимателно да се изработуваат извештаите, кои од оваа година ќе се поднесуваат електронски, исто како и програмите. Претседателот Илија Христодулов апелираше до Друштвата да ги почитуваат роковите за доставување на програми, извештаи и сите останати документи до ЗМРХ. Во врска со Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2017 година, Елизабета Петровска рече дека е пополнет со познатите податоци по Одлуката на Советот (прилог), а останатите ставки ќе се пополнуваат по расходите до крајот на годината, односно до Редовното собрание на ЗМРХ што треба да се одржи во ноември или декември, кога ќе се знае дали е потребно да се направи ребаланс на истиот. Книговодителите на друштвата треба исто така да се запознаат со новите „Критериуми за финансирање и договарање на програми на културна автономија на национални малцинства и методологија за следење и вреднување на спроведувањето на финансираните програми".

**Ад. 6.** По оваа точка се расправаше за годинешните програми на ЗМРХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Културната манифестација – изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска" со МКД „Билјана" од Задар ќе се реализира во Задар во текот на месец септември; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Билјана" од Задар;
- Културната манифестација „26. Денови на македонската култура – Денови на Св. Кирил и Методиј"ќе се реализира во Сплит од 19 април до 15 јуни; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Македонија" од Сплит;
- Културната манифестација „20. Денови на браќата Миладиновци" со МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек ќе се реализира во Осиек и Ѓаково од 10 мај до 3 јуни; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек;
- Културната манифестација „Илинден 1903-2017" со МКД „Илинден" од Риека ќе се реализира во „Голубињак", Горски Котар, на 29 јули; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Илинден" од Риека;
- Културната манифестација „Денови на глаголицата во Истра" со МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула ќе се реализира во Истра во текот на месец ноември; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Св. Кирил и Методиј" од Пула;
- Културната манифестација „Рацинов ден – Бели мугри" со МКД „Охридски бисер" од Загреб ќе се реализира во Самобор во текот на месец ноември; Организациски одбор за манифестацијата: МКД „Охридски бисер" од Загреб;
- Културната манифестација „Ден на ЗМРХ" со сите МКД-а ќе се реализира во Сплит на 4 ноември; Организациски одбор за манифестацијата: сите МКД-а;
- Летен камп – училиште по македонски јазик за ученици припадници на македонското национално малцинство од основно училиште – Рогач 2017., Шолта, ќе се реализира од 30 јули до 6 август; Водител на кампот: Ангел Митревски;
- Книга поезија „Ода на љубовта" од Милена Златеска ќе се реализира во текот на есента;

- „Македонски глас“, 6 броја, ќе се реализира во текот на годината.

Во врска со „Македонски глас“, се заклучи дека треба тиражот да се намали, а бројот на страниците да се зголеми во рамките на сегашната цена, секако, со молба за пренамена до Советот за националните малцинства на РХ, па се замолија друштвата да се очитуваат колку примероци им се достатни да им се доставуваат.

**Ад. 7.** Под точката разно, Мирјана Мајиќ се интересираше за некои правни работи во врска со просторот на МКД „Билјана“ Задар. Милена Златеска информираше за семинарот што се одржа во Опатија на тема „Медиумите и националните малцинства во РХ“. Беше доставен до друштвата и описот на работните задачи на секретарот на ЗМРХ (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Книгите „Македонски јазик“ и „Македонската литература и граматика“ (по 50 примероци од секоја) да им се пратат на авторките Наташа Здравковска Стојановска и Сузана Сурловска Ѓеоргиевска во Франција најдоцна до 2 јуни;
- Се даруваат 200 примероци од најновата книга „Сончева понорница“ на авторот Огнен Бојаџиски; се даруваат по 40 примероци на друштвата; донаторскиот износ на книгата е 60,00 кн;
- Се даруваат 40 примероци од книгата „Огниште“ на авторот Милена Златеска на нејзино барање;
- Нема службено очитување на покани и повици кои не се директно упатени до ЗМРХ.

На крајот, Томе Апостолоски на присутните им подели примероци од книгата „Силјан штркот“ во издание на Советот на МНМ за Град Загреб за учениците од изборните настави по македонски јазик и култура, а Елизабета Петровска им подели по еден примерок од најновата книга „Сончева понорница“ од Огнен Бојаџиски.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **14.30** часот.

Записничар:
Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов